*Број: 02 - 4320/2*
*24.06.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 24.03.2010 година со почеток во 14.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Снежана Ќовкароска Шилоска, раководител на одделението за план и анализа (делумно присутна);*
- *Ирина Луческа, стручен соработник во секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXX-та седница на Управниот одбор одржана на 16.02.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXI-та седница на Управниот одбор одржана на 24.02.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXII-та седница на Управниот одбор одржана на 08.03.2010 година;*

1. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
2. *Предлог за утврдување на цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на*

*здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*

5. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
6. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита;*
7. *Одлука за утврдување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се сметаат за скапи лекови;*
8. *Разно.*

*Потоа наведе дека според известувањето од директорот на Фондот, за предлогот од точката 6 - Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита сеуште не е постигната согласност помеѓу Фондот не е подготвена за одлучување. Поради тоа се предлага таа точка да биде симната од дневниот ред. На крајот праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Бидејќи немаше други предлози, Управниот одбор го прифати предлогот точката 6 - Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита да се симне од дневниот ред , по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXX-та седница на Управниот одбор одржана на 16.02.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXI-та седница на Управниот одбор одржана на 24.02.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXII-та седница на Управниот одбор одржана на 08.03.2010 година;*

1. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*

2. *Предлог за утврдување на цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
6. *Одлука за утврдување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се сметаат за скапи лекови;*
7. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXX-та седница на Управниот одбор одржана на 16.02.2010 година*

*Љубиша Каранфиловски побара неговото излагање во врска со точката 3 од дневниот ред - Правилник за критериуми за утврдување на квоти за аптеките, на страна 8 од записникот да биде коригирано така што да стои: „Љубиша Каранфиловски праша дали освен во Скопје во други места има аптеки кои работат 24 часа на ден“.*

*Со оваа корекција, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од LXX-та седница на Управниот одбор одржана на 16.02.2010 година.*

- *Усвојување на записникот од LXXI-та седница на Управниот одбор одржана на 24.02.2010 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXXI-та седница на Управниот одбор одржана на 24.02.2010 година.*

- *Усвојување на записникот од LXXII-та седница на Управниот одбор одржана на 08.03.2010 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXXII-та седница на Управниот одбор одржана на 08.03.2010 година.*

**ТОЧКА 1** - *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*

*Во врска со оваа точка од дневниот ред објаснување даде Јасмина Смилевска. Наведе дека во врска со содржината и формата на овие договори се одржал состанок помеѓу претставници на Фондот и на Лекарската комора на Македонија на која беа разгледани и усогласени повеќе предлози. Особено внимание беше посветено на делот за утврдување на буџетите.*

*Потоа членовите на Управниот одбор поставуваа прашања за одделни делови на договорот.*

*Борис Јосифовски праша дали пресметаната партиципација е дел од цената на услугата на лекарот, а Јасмина Смилевска одговори потврдно.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова пак објасни дека се земаат податоци од изминатите години, бидејќи не може да се антиципира колкава ќе биде партиципацијата во тековната година.*

*Горан Коевски праша дали при утврдувањето на правата и обврските во договорите се земени предвид укажувањата за ублажувањето на строгоста на договорните казни.*

*Јасмина Смилевска одговори потврдно и наведе дека најтешките казни сега се предвидени за помал број на прекршувања на договорот во споредба со порано, а висината на казната се изразува процентуално во однос на средствата што здравствената установа ги добива од Фондот наместо досегашните фиксни износи.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова укажа дека новина се ДСГ казните, кои сега се воведуваат а им беа најавени на болниците уште минатата година. Болниците тогаш до Фондот упатија свои забелешки од кои дел се инкорпорирани во текстот.*

*Во врска со ова, Елена Трпковска забележа дека голем простор им е посветен на ДСГ казните и праша дали вработените во болниците имаат познавања за работа по ДСГ системот.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека како проблем се појавува тоа што болниците често ги менуваат лицата ДСГ координатори, а од оние лица кои знаат да работат по тој систем забележани се и обиди за негово изигрување. Во секој случај постои редовна комуникација меѓу јавните здравствени установи и ДСГ контролорите, а во јуни Фондот планира и нивна обука.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која ја утврди формата и содржината на Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита, Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита, Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита - ЈЗУ, и Анексот на договорот за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените услуги кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита.*

***ТОЧКА 2 -*** *Предлог за утврдување на цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита*

*Во врска со предлогот за утврдување на цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита објаснување даде Бранислава Катушевска. Наведе дека пакетите беа утврдени уште во септември 2009 година, но како пакети кои ќе се усогласуваат и без утврдување на цени за нив. Подоцна се усогласуваа и се вршеа анализи а паралелно се вршеше и обука за нивно користење. На некој начин утврдувањето на пакетите и процесот што следеше беше ревидирање на ценовникот на здравствени услуги. Се покажа дека 80% од пакетите биле добро утврдени на самиот почеток. Утврдувањето на цените ќе придонесе за уедначување на услугите во цела Македонија. Додаде дека во изготвувањето на цените на пакетите, стручната служба на Фондот интензивно осум месеци соработуваше со Лекарската комора на Македонија и со здруженијата на лекарите и дека оваа соработка беше од големо значење и резултираше со*

*добри резултати. Се разбира дека ништо не е конечно, па ако се појави потреба од измени тоа аргументирано ќе биде презентирано на Управниот одбор.*

*На прашањето на Елена Трпковска дали може да се случи здравствена установа да даде една услуга а да фактурира друга поскапа, објасни дека за секој пакет треба да се специфицираат услугите кои влегуваат во него и се дадени.*

*Потоа Страшо Наумоски го пренесе задоволството на Лекарската комора на Македонија од постигнатите резултати и од вклученоста на Комората во работата на пакетите. Сепак, Комората укажува дека на некои места има отстапувања од договореното. На пример за вториот пакет на хириургија било договорено 800 денари а подоцна е намалено на 750. Инаку, пакетите ги задоволуваат потребите за реално прикажување на специјалистичко - консултативната дејност и претставуваат добра појдовна основа да започнат да се применуваат како нов систем на вреднување во специјалистчиката амбулантска дејност. На последните средби помеѓу одговорните претставници на Фондот и Комората за утврдување на пакетите посебно беше констатирана потребата за континуирана соработка на месечно ниво. Ова со цел и пакетите и цените да се следат и постојано коригираат како што ќе наложи нивната практична примена и потребата за нивно реално вреднување. Потребно е да се истакне дека од страна на Комората и сега не постои општа согласност на дел од учесниците при нивното утврдување. Утврдените цени треба пореално да се искажат особено во делот на вреднувањето на трудот на докторите како еден од калкулативните елементи за што Комората смета дека сега е анахроно.*

*Бранислава Катушевска објасни дека разликата е поради упросечувањето на цените. Кај наведената услуга цената на хируршкиот конец може да биде во рамки од - до, па ценат е добиена со упросечување на цената на конецот. Само таму е направена промена во однос на договараното и од таа причина.*

*По ова, на крајот на расправата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски***

*со која се утврдија референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски.*

*ТОЧКА 3 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита*

*Објаснување по оваа точка даде Татјана Лукановска. Укажа дека објаснувањето се однесува и на предложените правилници под точка 4 и 5 на дневниот ред. Наведе дека измени на одлуката се предлагаат од два аспекта. Прво, од Државниот завод за ревизија ни беше забележано дека не се доволно детално регулирани сите аспекти на утврдувањето на буџетите на здравствените установи и второ заради овозможување на Фондот да правилно определува износи на договорни надоместоци во согласност со сите неопходни параметри. Согласно Фондот предлага соодветно дефинирање договорните надоместоци врз база на остварена вкупна вредност во првите три квартали и проекција за последен квартал од претходна година за тековна година, како и нивното усогласување со дополнителни критериуми: вредност на специфичните лекови, реформски активности како што е трансформација на трансфузиологија, вонредни околности како на пример пандемија на грипот, задолжителни програми воведени од страна на Министерството и промена во очекуваните сопствени приходи*

*Елена Трпковска забележа дека во текстот на правилниците од точките 4 и 5, во членот 3 е внесена одредба која обврзува еднаш во годината да се прави ревидирање на утврдениот надоместок на здравствените установи. Наведе оти смета дека тоа не е неопходно и не треба да биде уредено на начин на кој за Фондот утврдува обврска за ревидирање, туку ревидирањето треба да биде факултативно.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија овој предлог да се вклучи во текстовите на правилниците.*

*Потоа, на крајот на расправата Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита***

*ТОЧКА 4 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита*

*По објаснувањето во врска со точката 3 од дневниот ред, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита***

*ТОЧКА 5 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита*

*По објаснувањето во врска со точките 3 и 4 од дневниот ред, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита***

*ТОЧКА 6 - Одлука за утврдување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се сметаат за скапи лекови*

*Објаснување на предлогот за утврдување на лекови што се сметаат за скапи даде Ирина Луческа, член на комисијата за утврдување на Листа на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Наведе дека предлогот е изготвен согласно Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, Одлуката за утврдување на референтни цени на лековите кои паѓаат на товар на Фондот, важечките регистрациски решенија на лековите, податоците за потрошувачката на лекови добиени од модулот на Фондот, како и Образецот за лекови на товар на Фондот за примарна здравствена заштита со референтна цена и Референтни цени на лекови од примарната здравствена заштита според ДДД, објавени на интернет страницата на Фондот. Комисијата предлага во Листата на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, а се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, да бидат вклучени следниве лекови според генерички имиња, форма и доза на лекот:*

| | *ATC Код* | ***Генеричко име, форма и јачина на лекот*** |
|---|---|---|
| *1.* | *G03HA01* | *Cyproterone tableti 50mg* |
| *2.* | *H01BA02* | *Desmopressin tableti 0,2 mg* |
| *3.* | *J05AB04* | *Ribavirin film oblozeni tableti/kapsuli 200mg* |
| *4.* | *L04AA01* | *Ciclosporin kapsuli 25mg* |
| *5.* | *L04AA01* | *Ciclosporin kapsuli 50mg* |
| *6.* | *L04AA01* | *Ciclosporin kapsuli 100mg* |
| *7.* | *L04AA01* | *Ciclosporin rastvor za oralna upotreba 100mg/ml* |
| *8.* | *L04AA06* | *Mycophenolic acid kapsuli 250mg* |
| *9.* | *L04AA06* | *Mycophenolic acid tableti/film oblozeni tableti 180mg* |
| *10.* | *L04AA06* | *Mycophenolic acid tableti/film oblozeni tableti 360mg* |
| *11.* | *L04AA06* | *Mycophenolic acid tableti/film oblozeni tableti 500mg* |
| *12.* | *N02AA01* | *Morphine podjazicni tableti –site registrirani jacini* |

*Основен критериум за вклучување на горенаведените лекови во листата е просечното чинење на месечна терапија по пациент со вклучен ДДВ да е над 4.000 денари, а при тоа да нема лек од дадената генерика со кој просечната месечна терапија би чинела помалку. При ова се земени новите предлог референтни цени на лековите, објавени со Одлука за утврдување предлог референтни цени на лекови донесена од страна на Управниот одбор на Фондот на 16.02.2010 година, како и предлог цени за кои комисијата за утврдување на референтни цени на лекови кои паѓаат на товар на Фондот достави усмена информација до комисијата за скапи лекови. Со оглед на тоа дека се работи за специфични и скапи лекови, а со цел ефективна контрола врз нивното препишување и издавање, комисијата предлага и посебен начин на фактурирање на горенаведените лекови од страна на аптеките, при што истите да бидат фактурирани во посебна спецификација од фактурата. Со цел правно регулирање на начинот на издавање и фактурирање на овие лекови од страна на аптеките, комисијата констатира дека е неопходно проширување на договорите на аптеките кои се заинтересирани да издаваат лекови од Листата на скапи лекови со соодветен анекс на договорот.*

*По објаснувањето, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а претставниците на Фондот даваа одговори.*

*Страшо Наумоски праша дали аптеките кои ќе бидат заинтересирани да склучат договор за обезбедување на осигурените лица со скапи лекови ќе мора да склучат договор за сите скапи лекови.*

*Беким Сали праша дали аптеките ќе имаат посебна квота за скапите лекови.*

*Ирина Луческа одговори дека аптеките не се обврзани да ги имаат сите туку да ги задоволуваат потребите на осигурените лица, и дека нема да има посбни квоти туку плаќањето ќе биде по фактура за секој одделен издаден лек.*

*Потоа се расправаше за документацијата што треба да се поднесе до Фондот заедно со рецептот за скапите лекови, а на крајот Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита***

*ТОЧКА 7 - Разно*

*Во рамките на оваа точка, Директорката Парнарџиева - Змејкова и Лазар Трајчев го запознаа Управниот одбор со случајот Делфино медикал, во кој како резултат на загубениот спор од сметката на Фондот се наплатени 41 милион денари.*

*Потоа Лазар Трајчев го запозна Управниот одбор дека во Кратово има недостаток од стоматолог специјалист протетичар. Поради тоа, осигурените лица не можат да го остваруваат правото на помагала од кои имаат потреба. Побаравме податоци за бројната состојба на стоматолози од соседните места и размислуваме за можноста недостатокот во Кратово да го решаваме со зголемување на квотите на стоматолозите протетичари од околните места.*

*По ова, во 16.30 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXV -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***